МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# *АГЕНЦИСКО РАБОТЕЊЕ*

**II година**

## *УГОСТИТЕЛСКО-ТУРИСТИЧКА СТРУКА*

## *Хотелско-туристички техничар*

**Скопје, 2006 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** АГЕНЦИСКО РАБОТЕЊЕ

**1.2. Образовен профил и струка**
1.2.1. Образовен профил: Хотелско-туристички техничар
1.2.2 Струка: Угостителско-туристичка

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**
1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**
1.4.1. Втора година

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**
**1.5.1. Број на часови неделно**: 2 часа
**1.5.2. Број на часови годишно**: 72 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**
1.6.1. Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***агенциско работење*** ученикот стекнува знаења и се оспособува:

- да ги објаснува функциите на туристичките агенции;
- да го сфати карактерот на агенциското работење;
- да го објаснува предметот на работењето на туристичките агенции;
- да го сфати начинот на групирање и распоредување на работите во туристичките агенции;
- да ги објаснува туристичките услуги кои ги пружаат туристичките агенции;
- да разликува разни видови на туристички агенции;
- да го објаснува процесот на здружувањето на туристичките агенции;
- да се развива работни навики и позитивни ставови кон угостителско-туристичката дејност.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнување на зацртаните цели по наставната програма по ***агенциско работење*** потребно е ученикот да поседува знаења од наставните предмети: туристичката географија, култура на однесување и основи на угостителството и туризмот.

.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структурирање на содржините за учење

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу темат. целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. АГЕНЦИСКО РАБОТЕЊЕ** | **5** | ***Ученикот:***<br>- да го објаснува агенциското работење;<br>- да сфаќа дека агенциското работење се одвива преку туристичките агенции како посебни туристички претпријатија. | - Објаснување на поимот агенциско работење;<br>- истакнување на неговото стопанско значење;<br>- демонстрирање слики и ЦД-ромови на поафирмирани туристички агенции. | - Економија на туризмот |
| **2. АГЕНЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ДРУГИТЕ СТОПАНСКИ И НЕСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ** | **5** | - Да ја познава поврзаноста на агенциското работење со угостителството, хотелиерството и со другите стопански и нестопански дејности (сообраќајни претпријатија, осигурителни друштва, банки и сл.);<br>- да ја сфати суштината на оваа меѓусебна зависност;<br>- да го објаснува стопанското значење од меѓусебна поврзаност и заемната соработка на агенциското работење со угостителството, хотелиерството и со | - Објаснување на поврзаноста на агенциското работење со разни стопански и нестопански дејности;<br>- демонстрирање на примери на разни врски на агенциското работење со други стопански и нестопански дејности. | - Хотелско работење<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | другите стопански и нестопански дејности. | | |
| **3. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕТО НА ТУРИСТИЧКИТЕ АГЕНЦИИ** | **32** | - Да ги опишува структурата и дејноста на туристичките претпријатија;<br>- да го објаснува нивното настанување кај нас и во светот;<br>- да го објаснува значењето на туристичките агенции од стопански и културолошки аспект;<br>- да го објаснува предметот на работењето на туристичките агенции;<br>- да го сфати начинот на групирање и распоредување на работите во туристичките агенции;<br>- да ги објаснува иницијативните, рецептивните и агенциските работи во туристичките агенции;<br>- да ја сфати поврзаноста на иницијативните, рецептивните и агенциските работи;<br>- да опишува туристички услуги;<br>- да ги разликува туристичките услуги во туристичките агенции;<br>- да споредува иницијативни, рецептивни | - Објаснување на поимот на туристички агенции и нивното настанување и значење;<br>- демонстрирање на позначајни туристички агенции со користење на промотивен материјал и Интернет;<br>- посети на туристички агенции и угостителски претпријатија;<br>- објаснување на предметот на работењето на туристичките агенции;<br>- демонстрирање слики на разни локации и работни задачи во работењето на туристичките агенции. | - Хотелско работење<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | и агенциски услуги. | | |
| **4. ВИДОВИ ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ** | **24** | - Да ги сфаќа карактеристиките и начинот на работењето на видовите на туристичките агенции;<br>- да ги разликува од аспект на видовите на работите и значењето на туристичкиот пазар;<br>- да познава туристички агенции од комбиниран вид;<br>- да ги разликува туристичките агенции според значењето на туристичкиот пазар;<br>- да ја објаснува меѓусебната зависност на одделните типови на туристички агенции;<br>- да ги споредува дејноста на разните видови туристички агенции. | - Објаснување на поделбите на туристичките агенции (туристички агенции од иницијативен тип, туристички бироа-туристички агенции од класичен вид, туристички агенции велепродавачи-туроператори);<br>- демонстрирање на шеми и скици и објаснување на делокругот на работата на одделните типови туристички агенции<br>- објаснување за: турооператори со сопствена продажна мрежа, конзорциум на туристички бироа за туроператорски и специјални работи, туристички агенции од вид на туристички советник, туристички агенции и рецепциски туристички агенции, комбиниран вид на туристички агенции со рецептивна база и мрежа на деловници од иницијативен карактер, | - Хотелско работење<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | комбиниран тип иницијативно рецептивни туристички агенции;<br>- организирање посети на разни типови туристички агенции. | |
| **5. ЗДРУЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ** | **6** | - Да го разбира на деловното здружување на туристичките агенции во Македонија и на меѓународен план;<br>- да го објаснува процесот на здружување на туристичките агенции во Македонија и на меѓународен план. | - Објаснување на начинот и процесот на здружување на туристичките агенции<br>- истакнување на одделни типови на здружување на туристичките агенции. | - Хотелско работење<br>- Практична настава |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на наставната програма по ***агенциско работење*** наставникот применува современи наставни методи кои на ученикот му даваат можност да биде активен учесник во наставата преку неговите активности во училиштето и вон училиштето. Овие наставни методи подразбираат примена на наставните форми за работа: работа во групи, во парови/тандем и/или индивидуално.

Во текот на наставата наставникот ги презема следните активности: објаснува, демонстрира, опишува, споредува, анализира, дискутира, поставува прашања, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, го води ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во слушање, дискутирање, прибележување, набљудување, споредување, демонстрирање, читање и пишување, изработка на проектни задачи, правење постери на дадена тема, изработување домашни задачи, илустрирање и друго.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно - образовната работа по наставниот предмет ***агенциско работење*** се реализира преку стручно-теоретска настава во кабинет-училница. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повторување, утврдување, изработка проектни задачи од дадена тема, гледање на ЦД-роми, посети на претпријатија од туризмот, како и конкретни демонстрации и вежби во кабинетите. Непосредната поврзаност на содржините помеѓу наставните програми по ***агенциско работење*** и наставните предмети туристичка географија, хотелско работење и економија на туризмот неминовно ја наметнува потребата од тимска работа меѓу наставниците кои ги реализираат овие програми.

## 4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите се користи: графоскоп, компјутери, телевизор, ЛЦД проектор, ЦД-роми, каталози, слики, проспекти, стручни списанија и други наставни средства и помагала предидени според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за образовниот профил хотелско-туристички техничар.

За успешно совладување на целите на предметот ученикот користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, Интернет, стручни списанија и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата континуирано во текот на целата учебна година усно и писмено преку тестови на знаења, вежби или други форми како изготвување реферати и писмени извештаи, концепти и проекти, кои се користат по обработката на секоја наставна целина. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***агенциско работење*** треба да ги поседува следните персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмо на кој се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, подготвен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот ***агенциско работење*** ја реализираат кадри со завршени студии по:

***-угостителство и туризам;***

со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард за простор

Наставата по наставниот предмет ***агенциско работење*** се реализира во кабинет-училница, опремена според Нормативот за простор и опрема за образовниот профил хотелско-туристички техничар.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка**: мај 2001 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. м-р Киро Петров, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
2. м-р Фидан Трпчевски, професор на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид
3. Драган Милошевски, раководител на “Феротурист” - Скопје
4. Ристо Мегланов, наставник во ДСУТУ “Лазар Танев” - Скопје

**7.4. Датум на ревидирање**: мај 2006 година

**7.3. Состав на работната група за ревидирање на програмата:**

1. Чедомир Димовски, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
2. Ристо Мегланов, наставник во ДСУТУ “Лазар Танев” - Скопје
3. Претставници на социјалните партнери, универзитетите и училиштата

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на започнување:** 1.09.2006 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***агенциско работење***, ја одобри министерот за образование и наука со решение број 07 - 3851/20 од 29.06.2006 година.